# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ИМ Е ДОСТАПНА

## на жителите и бизнисите на Hobsons Bay

Доколку минувате низ финансиски тешкотии и ако не можете веќе да си ги плаќате ратите, каматите, надоместите и давачките за домот, за вашиот бизнис, за спортските клубови/асоцијации, или за групите во заедницата, можете да се пријавите за добивање финансиска помош.

Поединците, групите од заедницата, спортските клубови/асоцијации и бизнисите може да се пријават за добивање помош согласно Политиката за финансиски тешкотии изготвена од Општината или согласно Политиката за финансиска помош за тешкотии предизвикани поради COVID-19.

Финансиските тешкотии може да настанат заради невработеност, болест, распаѓање на семејството, смрт на сопружник, намален приход, загуба на приходите или заради други значајни тешки животни настани предизвикани од криза како онаа од пандемијата на вирусот COVID-19.

Како дел од политиката: може да се одобри одложување на плаќањето на ратите, каматите, надоместите и давачките, при што се преговара за изводливи планови за плаќање на истите.

## Чекори

1. Пополнете го Барањето од Пријавата за финансиска помош на интернет преку местото на интернет на Општината на **www.hobsonsbay.vic.gov.au/financialassistance**
2. Вработените во Одделот за грижа за корисници може да ви пружаат доверлива помош за пополнување на пријавата. Жителите на коишто им треба помош на нивниот мајчин јазик може да се јават на Линијата за различни јазици при Општината на 9932 1212 и да побараат да зборуваат преку толкувач. Информативниот лист исто така е преведен на 15 јазици и е достапен на местото на интернет на **www.hobsonsbay.vic.gov.au/financialassistance**
3. Како доказ за вашата пријава мора да се приложи и дополнителна документација, како што е извод од банка или пак податоци од службата Centrelink и/или даночни податоци
4. Вашата пријава ја оценуваат службениците на Општината кои за таа цел се осврнуваат на Политиката за финансиски тешкотии изготвена од Општината или Политиката за финансиска помош за тешкотии предизвикани поради COVID-19
5. Вашата пријава ќе биде прегледана и за исходот ќе бидете известени написмено во рок од 21 ден

---

Политиката за финансиски тешкотии изготвена од Општината и Политиката за финансиска помош за тешкотии предизвикани поради COVID-19 се достапни на нашето место на интернет **www.hobsonsbay.vic.gov.au/Services/Rates**

### Каде можете да побарате помош?

Советот за финансиски и потрошувачки права на Викторија (Financial & Consumer Rights Council или FCRC) е главното тело на финансиските советници во Викторија и може да ви помогне да најдете финансиски советник – посетете го местото на интернет **www.fcrc.org.au**.

Националната линија за помош при долгови (National Debt Helpline) пружа бесплатно доверливо советување за лицата кои се соочуваат со финансиски тешкотии – за повеќе информации, посетете го местото на интернет **www.ndh.org.au** или јавете се на 1800 007 007.

**ЛИНИЈА ЗА РАЗЛИЧНИ ЈАЗИЦИ НА HOBSONS BAY**

**9932 1212**
ПРЕВЕДУВАЧКА И ТОЛКУВАЧКА СЛУЖБА ЗА СИТЕ ЈАЗИЦИ
**Вашата Општина достапна на вашиот јазик**

HOBSONS BAY CITY COUNCIL